Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**



ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ КОН НАШИОТ ТИМ!

Работно место: помлад проектен менаџер
Оддел: ГЛОБАЛЕН РАЗВОЈ ФАРМАЦИЈА – ФАРМАЦЕВТСКИ ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ

Доколку сакате да бидете дел од нашиот динамичен тим и доколку ги поседувате потребните квалификации, **ПРИЈАВЕТЕ СЕ!**

Како ќе ве препознаеме?

- Имате завршено високо образование од областа на природните или на општествените науки: Фармацевтски факултет, Стоматолошки факултет, Медицински факултет, ПМФ (Хемија), ТМФ или Економски факултет / бизнис-факултет.
- Имате 1 година релевантно работно искуство.
- Поседувате изразени комуникациски и развиени презентациски вештини.
- Поседувате способност за работа во динамична работна средина и ориентација кон тимската работа.
- Се одликувате со аналитичност, проактивност, одговорност и со особена грижа за деталите и за почитувањето рокови.
- Се одликувате со желба и со вештини за брзо учење.
- Имате искуство со обработка и со анализа на податоци.
- Активно и самоуверено го користите пакетот Microsoft Office.
- Имате одлично познавање на англискиот јазик.

Цели и одговорности на работното место

- Координација на корпоративни проекти.
- Континуирано и навремено следење на статусот на проектните активности со цел осигурување дека проектот се движи во предвидената насока.
- Организирање и координација на проектни состаноци и обезбедување навремена и ефективна комуникација со сите засегнати страни во текот на реализацијата на проектите
- Креирање и одржување прецизна проектна документација.
- Учество во процесот на управување со предизвиците, промените и со одлуките за време на проектот.
- Учество во процесот на идентификација и на менаџирање на ризиците во проектите.
- Изработка и дистрибуција на редовни извештаи за статусот на проектите.
- Изработка и презентација на анализи поврзани со проектите и со работењето во Одделот.
- Учество во дефинирањето и во континуираното подобрување на процесите и на алатките за водење на проектите, како и во нивната примена
- Одговорност спрема доверливоста и безбедноста на информациите со кои располага Одделот.
- Почитување на правилата за бизнис-етика на компанијата.

Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и придобивки во зависност од остварените цели
- Приватно здравствено осигурување
- Бенефиции за вработените и за децата на вработените

АПЛИЦИРАЈТЕ на следниот линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/120

„Алкалоид“ АД Скопје застапува политика за недискриминација по ниту една основа и во согласност со нашите клучни вредности ја промовира различноста во регрутацијата и селекцијата.

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
Здравјето пред сè